**СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА**

# М И С Л Е Њ Е
## на Надзорен одбор за Извештаите за извршената ревизија на финансиските извештаи
## на Стопанска банка а.д Битола за 2014 година
## ревидирани од Grand Thorton DOO Скопје

март, 2015 година

# М И С Л Е Њ Е

## за Извештаите за извршената ревизија на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д Битола за 2014 година ревидирани од Grand Thorton DOO Скопје

Grand Thorton DOO Скопје изврши ревизија на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д Битола за годината што завршува на 31 декември 2014 година, коишто вклучуваат биланс на состојба, биланс на успех, извештај за сеопфатната добивка, извештај за промените на капиталот, извештај за паричните текови и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени согласно Методологијата од Народна банка на Република Македонија и на финансиските извештаи подготвени согласно Мегународните стандарди за финансиско известување.

Ревизијата на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д Битола е планирана и спроведена согласно Меѓународните стандарди за ревизија, Методологијата од Народна банка на Република Македонија и Кодексот на етика кои ревизорите се обврзани да го почитуваат.

Надзорниот одбор на Банката на својата 11-та редовна седница одржана на ден 27.02.2015 година ги разгледа финансиските извештаи и Извештајот со Мислењето на Grand Thorton DOO Скопје и смета дека истиот е сеопфатен и ја прикажува финансиската состојба на Банката.

Надзорниот одбор на Банката оцени дека финансиските извештаи за работењето на Банката во 2014 година се потврдени од страна на Grand Thorton DOO Скопје и ги прифаќаат финансиските извештаи и Извештајот на независните ревизори до раководството и акционерите на Стопанска банка а.д Битола.

Предвид изнесеното, Надзорниот одбор на Банката предлага Собранието да ги усвои финансиските извештаи и Извештајот на независните ревизори со Мислењето, изготвен од Grand Thorton DOO Скопје, за финансиската состојба на Банката за 2014 година.

**Битола, февруари, 2015 година**

**Надзорен одбор**

**Претседател**

**Г-дин Ненад Јосифовиќ**

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА